Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр: 11-1420/1
Дата: 09.02.2011


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


До : “МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ Скопје
ул. “Железничка“ бр. 50 б
п.фах 543
Скопје

Предмет: Достава на Решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: “Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 - Кичево – Лин (граница со Република Албанија)“

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: “Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 - Кичево – Лин (граница со Република Албанија)“.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Проверил: Зоран Бошев
Одобрил: Филип Иванов

**МИНИСТЕР**
**Dr.Nexhati Jakupi**

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07 , 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10), Министерот за животна средина и просторно планирање на ден 09.02.2011 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на Проектот: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 - Кичево – Лин (граница со Република Албанија)".

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Проектот: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 - Кичево – Лин (граница со Република Албанија)", ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

### *Образложение*

На ден 27.07.2010 година, "МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ"- Скопје, со седиште на ул. "Железничка" бр. 50 б во Скопје, до Министерството за животна средина и просторно планирање ја достави Студија за оцена на влијанијата врз животната средина за Проектот: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 - Кичево – Лин (граница со Република Албанија)" со број 11-1563/4. Студијата е изготвена од страна на консултантскиот тим на "ДЕКОНС ЕМА" ДОО од Скопје, со технички број 001/2010 од Јуни 2010 година, согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07 ,159/08, 83/09 и 48/10 и 124/10) со назначено одговорно лице Менка Спировска.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Во Студијата се испитани и обработени следните аспекти: визуелни аспекти, кумулативни влијаниа, топографија, хидрологија, биолошка разновидност, квалитет на амбиентален воздух, безбедност и здравје, социо – економски аспекти, јавна инфраструктура и услуги, природно, културно и историско наследство, бучава, отпад и загадување на почва и води. Со изведување на овој Проект: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 – Кичево – Лин (граница со Република Албанија)" ќе се воспостави железничко поврзување на Република Македонија со Република Албанија, а со тоа се отвара можноста за транспортно поврзување до пристаништата Драч и Валона на Јадранското море, што е од посебно значење за Република Македонија како континентална земја. Изградбата на железничката пруга Коридорот 8, ќе влијае на подобрување на социо-економската состојба на локалното население, особено во подрачјата на железничките станици, а со тоа и на регионално ниво (развој на западниот регион на државата) и ќе се поефтини транспортот на луѓе и стока. Железничка пруга Кичево – Лин (граница со Република Албанија) е замислена како продолжение на железничката линија Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево, а всушност целиот коридор 8 преставува поврзување на пристаништата од Република Албанија и Република Бугарија за што Република Македонија има централно место на поврзувањето на железничката инфраструктура од исток кон запад.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10 и 124/10) на 19.10.2010 година во салата на Советот на општина Кичево со почеток во 14.00 часот и на 20.10.2010 година во салата на Советот на општина Струга со почеток во 11.00 часот се одржа јавни расправи во врска со Студија за оцена на влијанијата врз животната средина за Пректот: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 – Кичево – Лин (граница со Република Албанија)"

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 – Кичево – Лин (граница со Република Албанија)", формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведените јавни расправи, согласно Правилникот за

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за ОВЖС за Пректот: "Изградба на железничка пруга дел од Коридор 8 – Кичево – Лин (граница со Република Албанија)" ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми. Проектираните заштитни мерки се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението.

**МИНИСТЕР**
**Dr Nexhati Jakupi**

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk